РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
04 Су.бр.22/2019
10.10.2019

СУДСКИОТ АДМИНИСТРАТОР ПРИ ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП, Сашо Темелкоски постапувајќи согласно член 36 ст.1 од Законот за судска служба (Службен весник на РМ бр.43//2014, 33/2015, 98/2015, 198/2018, 236/2018) во постапката по објавениот јавен оглас бр.1/2019 а по приемот на Записниците од испитот и Предлогот на кандидати за вработување 04Су.бр.22/2019 од 09.10.2019 година за работно место „судски референт-водител на приемна писарница“ на ден 10.10.2019 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**

Кандидатот Владимир Илиески со шифра 0104 од Прилеп, се избира да биде вработен во Основен суд Прилеп, на неопределено работно време, на работно место “самостоен судски референт – водител на приемна писарница“

По правосилноста на оваа одлука ќе се донесе решение за вработување на избраниот кандидат.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на согласноста на Судскиот буџетски совет бр.08-1005/5 од 16.07.2019, Основниот суд Прилеп, согласно чл.20, 21, 25 и 26 од Законот за судска служба, објави јавен Оглас бр.1/2019 за вработување на еден (1) судски службеник на работно место „самостоен судски референт-водител на приемна писарница“.

Комисијата за селекција на вработување во состав: Весна Граороска - претседател на комисијата, Елизабета Антеска и Илија Николоски - членови, со уредно пријавените кандидати на огласот, закажа и спроведе испит согласно чл.31 од Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојноста на доказите и интервјуто како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работните места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници (Сл.весник на РМ бр.236 од 24.12.2018 година)..

Врз основа на резулатите од спроведениот испит, Комисијата состави Записници и согласно чл.35 од Законот за судска служба со Предлог на кандидати за вработување 04 Су.бр.22/2019 од 09.10.2019 го предложи најдобро рангираниот кандидат Владимир Илиески да биде вработен во Основен суд Прилеп на работно место „самостоен судски референт-водител на приемна писарница.

Врз основа на доставените акти од спроведената постапка за вработување, Судскиот администратор ја донесе одлуката како во изреката.

Основен суд Прилеп на ден 10.10.2019 година.

СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР,
Сашо Темелкоски

Правна поука: Кандидатот кој не е избран има право на жалба преку овој суд до Советот на судска служба, во рок од 8 дена од приемот на писменото известување за извршениот избор.